Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Бр. 23-2781/1
Скопје, 03.11. 2023 год.

ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПРЕДЛОЗИ ЗА ПУБЛИКУВАЊЕ ВО 2024 ГОДИНА

Државниот архив објавува повик за прибирање предлози за публикување во 2024 година.

I Насоки при поднесување на предлозите

1. Комисијата за издавачка дејност ќе ги земе предвид следните видови публикации:

- коментари за одредени историски теми, настани и личности, создадени врз основа на архивски материјал со потекло од земјава или од странство;
- зборници на архивски материјал со потекло од земјава или од странство;
- монографии за одреден настан, проблем, прашање, тема или личност од историјата на Македонија создадени врз основа на архивски материјал со потекло од земјава или од странство;
- стручни трудови од областа на архивистиката, и
- други публикации за унапредување на заштитата и на користењето на архивскиот материјал.

2. Содржина на предлогот

Предлог за публикување до Комисијата за издавачка дејност при Државниот архив поднесува авторот (редакторот). На повикот за публикување немаат право да се пријавуваат автори на кои во претходната година им биле отпечатени ракописи за публикување во Државниот архив.

Авторот (редакторот) поднесува краток приказ на содржината на публикацијата (наведување на користените документи) преку пополнување на Образецот објавен со повикот во word-формат, во скенирана форма и потпишани од авторите.

Временската рамка за подготовка на публикацијата и нејзино предавање во електронски формат на раководителот на Одделението за публикување архивски материјал во Државниот архив е - до 31 март 2024 година. Одобрените публикации за печат од Државниот архив доставени по истекот на рокот, нема да се прифатат за објавување.

Исклучок од ова правило се само проекти на Државниот архив, негови проекти со надворешни соработници и други архивски институции.

3. Рок за доставување на предлозите
Рокот за доставување на предлозите за публикување е до 30 ноември 2023 година. Предлози примени пред рокот на објавување на повикот и по истекот на рокот нема да се доставуваат на разгледување од страна на Комисијата за издавачка дејност.

II Насоки при изработка на публикациите
1. При подготовката трудовите треба да се работат во електронска форма со македонска поддршка во некоја од програмите на MS Word, снимени во формат на документ (**.doc). Задолжителна е употребата на фонтот Times New Roman. Во текстот големината на буквите е 12 точки, а проредот 1,5. Во фуснотите големината на буквите е 10 точки, а проредот најмал (single). Доколку трудот не е уреден според насоките, тој нема да биде прифатен, само целосно среден текст во Word е дозволен за понатамошна постапка во архивот.
2. Доколку при изработка на публикацијата се користи материјал на странски јазик, авторот/редакторот е должен да ја предаде публикацијата преведена на македонски јазик, при што трошоците за превод се на авторот/редакторот;
3. Доколку при изработка на публикацијата се користи архивски материјал што не е депониран во Државниот архив на Република Северна Македонија, авторот/редакторот е должен да предаде копија во електронска или во печатена форма во Државниот архив.
Авторот, односно редакторот го предава на Комисијата ракописот во уредно испишана форма (изработени фусноти, белешки, фотографии, регести на лични имиња, регести на географски поими, кратенки и сл.), во печатена или во електронска форма со македонска поддршка, во рокот одреден во повикот за прибирање предлози за публикување.

Сите заинтересирани треба да го пополнат Образецот за публикување на Државниот архив и заедно со своите предлози можат да ги пратат на следната адреса:
Државен архив на Република Северна Македонија
- за Комисијата за издавачка дејност
Кеј „Димитар Влахов" бр. 19
1000 Скопје
Или во електронска форма на следниот e-mail: publikuvanje@arhiv.gov.mk.

Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Комисијата за издавачка дејност при Државниот архив одлучува дали одреден предлог е прифатен или не и за тоа ќе ги информира доставувачите на предлозите, до крајот на јануари 2024 година.

Државниот архив определува по двајца рецензенти за секој прифатен ракопис. По предавање на ракописот и по добивање позитивна рецензија за него, Државниот архив склучува договор со авторите и одлучува дали публикацијата ќе биде објавена само во печатена форма, само во електронска форма или и во печатена и во електронска форма.

директор
д-р Емил Крстески

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ARKIVI SHTETËROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
СКОПЈЕ · SHKUP

Република Северна Македонија
**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Arkivi shtetëtor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Бр./Nr. ___________

Скопје/Shkup, _______2023 год./vit.

До Комисијата за издавачка дејност при Државниот архив

# ОБРАЗЕЦ
## за предлози за публикување

Предмет: Предлог за публикување до Државниот архив по објавениот Повик за прибирање предлози за публикување за 2024 година

Име и презиме на предлагач/предлагачи (автор/автори или редактор/редактори):
1.___________________________________________
2.___________________________________________
3.___________________________________________
4.___________________________________________

Име и презиме на авторот на предговорот/воведот/поговорот/коментарот:
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

Наслов на публикација (да се напомене дали е работен или конечен):
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

Приближен обем на материјалот:______________________

Контакт-информации на предлагачот (адреса на живеење, телефонски број, електронска пошта и институција од која доаѓа):
______________________________________________
______________________________________________

Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Arkivi shtetëtor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Прилог

Приказ на публикација (не пократка од две страници):

Република Северна Македонија

**Државен архив на Република Северна Македонија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Arkivi shtetëtor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Кратка библиографија на предлагачот/предлагачите:

Кратка библиографија на предлагачот/предлагачите:

______________________________________________________________

потпис (своерачен):

____________________

____________________

____________________